Трајан ПАНЕВ **УДК: 323.28**

# ЗАБЛУДИТЕ ЗА „МЕЃУНАРОДНИОТ ТЕРОРИЗАМ“

За тероризмот како општествен феномен одсекогаш, а посебно во сегашно време по терористичките напади врз Њујорк и врз Вашингтон, многу се зборува и пишува.[1] Иако под поимот тероризам се подразбира организирано насилство кое се презема во политички цели заради застрашување и немилосрдно кршење на отпорот на оној заради кој теророт и се врши, во науката не постои општоприфатена дефиниција за тој поим.[2] За тоа постојат бројни причини, но основната причина лежи во фактот што се превидува суштината на процесот на тероризмот чија оска ја прават два субјекта-носителот и жртвата. Наместо доследно да се уважува тој критериум во дефинирањето на тероризмот, во практиката доследно се уважуваат останатите негови елементи-мотивот, целта, формите на манифестирање, местото на изведување, последиците, и др. Во таа смисла е и најновото дефинирање на тероризмот како феномен од страна на Европската унија, иако за разлика од некои поранешни дефиниции овој пат мошне прецизно и во поширок обем се дефинираат терористичките дела, но и рамките за казните кои ќе се применуваат против овие дела.[3]

---

[1] На 11 септември 2001 година, извршен е спектакулатен терористички напад врз Њујорк, а во помал степен и врз Вашингтон, со насочување на киднапираните авиони од страна на терористите врз Светскиот трговски центар и врз Пентагон. Во овој терористички напад загинаа околу 3.000 луѓе, а е предизвикана не само огромна деструкција, туку и вчудовидување, страв, потиснат бес и шок за Америка.

[2] Поимот терор се употребува како синоним за масовна примена на насилството. Со текот на времето различно е сфаќан, а најчесто како: 1) Предизвикување, одржување и зајакнување на стравот и ужасот; 2) Како широка скала на примена на насилство, вклучувајќи го и физичкото истребување на противникот, и 3) Политичка форма на владеење позната како диктаторска власт.

[3] Министрите за правда и внатрешни работи на Европската унија постигнаа договор околу дефиницијата за терористичките дела на европско ниво и ги одредија рамките за казните кои ќе се применуваат против овие дела. Во текстот на рамковната одлука, усвоена

Последиците од неселективното опфаќање на структурните елементи на поимот тероризам, можат да се воочат и од пренагласената употреба на терминот „меѓународен тероризам". Критичката анализа на теориските сознанија и анализата на бројните случаеви на манифестирање на тероризмот на многуте локалитети во светот укажува на неодржливоста на тој поим со стварноста која не опкружува. Досега, со сигурност може да се тврди дека не е регистриран ниеден терористички акт кој го подготвила и извела меѓународната заедница. Меѓутоа, од друга страна, бројни се примерите за најбезобзирни обиди на државите хегемони своите терористички активности кои ги вршат против суверени држави, да ги прикажат како желба на меѓународната заедница. Загрижува фактот што државите хегемони се обидуваат и успеваат под „меѓународен тероризам" да изведуваат типична агресија против суверените држави заради изнудување на неприфатливи политички и други отстапки. Оваа тенденција е посебно опасна заради безобзирното настојување тие држави да ја злоупотребуваат ООН, односно да обезбедат легитимитет за изведување на агресија, што како преседан претставува голема опасност за светскиот мир и безбедноста на државите.

## 1. Класификација на тероризмот

Во стручната и другата литературе постојат бројни и разновидни поделби и класификации на тероризмот. Класификацијата на тероризмот најчесто е изведувана врз основа на уважување на различни критериуми-носители, жртви, цели, простор, начин на манифестирање, упо-

---

на 06.12.2001 год. Во Брисел, како терористички се дефинираат делата кои се намерно извршени со цел „сериозно да се дестабилизираат или уништат фундаменталните политички, уставни, економски и општествени структури на една земја". На листата се наоѓаат дела како што се загрозување на животот, нанесување на телесни повреди, киднапирање, земање заложници, киднапирање авиони, предизвикување пожар или експлозии и др. Во врска со санкциите, овој рамковен договор предвидува казна затвор од најмалку 15 години за водење терористички групи и осум години за учество во активностите на некои терористички организации („Македонија денес", 8/9.12.2001.)

требени средства, и т.н. При тоа авторите изведените класификации на тероризмот ги означувале како видови, форми или категории, при што користеле и многу синтагми, што го отежнувало согледувањето на суштината како на тероризмот воопшто така и на неговите поедини видови.

Во политичката енциклопедија теророт е поделен на внатрешен, меѓународен и индивидуален террор.[4] Вообичаени се и следните видови тероризам: држава против држава, држава против недржавен субјект, недржавен субјект против држава и недржавен субјект против друг недржавен субјект. Во последно време посебно е актуелен теророт кој го спроведуваат државите на надворешно-политички план како еден од методите на примена на сила против други држави. Анализирајќи ја емериканската политика на сила Квинс Рајт, во теророт ја видел една од формите на сила,[5] додека Гастон Бутул (експерт за тероризам) под террор подразбира користење на сила или закана со сила која се употребува како би се уништил националниот и (или) социјалниот идентитет на непријателот.[6] Највпечатливи видови на тероризам, кои во последно време се најчести и активно се манифестираат се: националистичкиот, религиозниот, бунтовничкиот и емигрантскиот тероризам.[7] Возможно е да се идентификуваат три категории политички тероризам-револуционерен, предреволуционерен и репресивен тероризам.[8] Исто така, тероризмот може да се подели на револуционерен, пореволуционерен и државен тероризам.[9] Во последно време најчесто се манифестираат следните видови тероризам: националистички, религиозен, бегалски и револуционерен.[10] Условно кажано, постојат пет видови тероризам: емигрантски, сепаратистичко-националистички, тероризмот на нацио-

---

[4] Политичка енциклопедија, „Савремена администрација", Београд, 1975, стр. 1079.

[5] Христоманија политичких наука, Међународни односи, „Напријед", Загреб, 1956-1971, стр. 355-356.

[6] International Terrorism and World, Groom Helm, London, 1975, pp 50-59.

[7] Д-р Љубомир С.Стајиќ-Ч.Гилановиќ, Основи безбедности, „Космос", Београд, 1994, стр.239-241.

[8] Paul Wilkinson, Political Terrorism, London, 1974.

[9] Richard Shults, Concept of terrorism, Politikal Terrorism, New Jork, 1974.

[10] С. Ковачевиќ, Тероризам и Југославија, „Аркаде принт", Београд, 1992, стр. 25-26.

нално-револуционерните герилски движења, фанатично-религиозните и т.н. „меѓународно-револуционерниот тероризам“.[11]

Несомнено е дека тешкотиите кои се врзани за дефинирањето на поимот тероризам влијаеле на таквата конфузна класификација на оваа жестока форма на насилство. Меѓутоа, прифатливиот пристап за надминување на таквата контрадикторност во класирањето на тероризмот би можеле да го најдеме во фактот, што како општествена појава, тероризмот го обусловуваат објективни и субјективни фактори. Објективните фактори се етаблирани во карактерот на општествените односи во рамките на државите и во односите меѓу државите, кои честопати се противречни и се судираат во поблага или поостра форма. Меѓутоа, решавачки фактори се субјективните фактори, а тоа се носителите на тероризмот. Анализата на политичката историја и политичката практика укажуваат на фактот дека многу терористички субјекти (државни или недржавни субјекти) спорното политичко прашање, објективно гледано, можеле да го решат со невооружени методи на борба, но раководејќи се од проценката дека актуелната состојба може најбрзо или најцелисходно да се промени со насилство, се определиле за тероризам. На таквата нивна одлука, покрај фанатично-мотивираната намера, влијаел и степенот на нивната организираност, опременост и оспособеност за примена на насилство.[12] Имајќи го предвид овој основен факт, при дефинирањето и класификацијата на тероризмот, треба да се појде од таму дека тероризмот е она што го прави неговиот носител, а тоа се: мотивот кој го покренува, проектираната крајна цел заради чие постигнување применува насилство, при-

[11] Др. Милан Пашански, Савремене камиказе, НИРО „Књижевне новине“, Београд, 1987, стр. 71-72.

[12] Од ваква проценка појдоа и албанските терористи, но и нивните политички патрони (иако тоа јавно не го манифестираа) во разнебитување на Македонската држава, како меѓуфаза во постигнување на нивните крајни цели- Голема Албанија. Во прилог им одеа и одредени поволни меѓународни (подударност на интересите со САД и Запад) и внатрешни услови (силно изразено неединство меѓу македонските општествени и политички сили и неспремност на нашиот безбедносен и одбранбен систем, за решителна акција).

лагодување на својата организација за агресивно дејствување, стратегијата која ја применува и средствата кои ги користи.

Анализата на општествената позиција на терористичкиот субјект покажува дека тој тероризмот го применува како би ја сочувал власта или да ја собори актуелната власт. Објаснувајќи го сестрано поимот на терор во рамките на државата В. Димитријевиќ, вели дека, теророт на власта е „терор одозгора" или „државен терор", додека за теророт против власта вели дека е „индивидуален терор", односно „терор одоздола" или едноставно „тероризам". Елаборирајќи го овој општествен феномен тој заклучува дека теророт по правило е акција на оние кои ја имаат законодавната власт, додека индивидуалните терористи се несуверени лица, приватни лица, лица кои се на друг начин потчинети на некој правен поредок".[13] Врз основа на наведените факти можно е да се идентификуваат два терористички субјекта-државата и недржавниот субјект.

Државата хегемон, во принцип, применува тероризам против друга држава или против своите граѓани кои се, или се проценува дека и се политички противници. Тоа може да го прави самостојно,[14] како членка на сојуз на држави, без или со поддршка од дел на меѓународната заедница, но никогаш со одобрување на целата меѓународна заедница. Државата хегемон и за двете варијанти на примена на тероризам користи адекватни специјализирани сили, прецизно ја бира и проучува жртвата над која применува насилство, предвидува и бира место, време и начин како ќе ја нападне. Притоа, секогаш проценува со кој изведен акт(и) на

---

[13] Др. Војин Димитријевиќ, Страховлада, ИРО, „Рад", Београд, 1985,стр.110

[14] Пример за употреба на државен тероризам на регионален план е Израел. Оваа држава веќе 34 години ги држи под окупации палестинските територии вршејќи државен тероризам. И ден денес тоа го прави користејќи ја американската катастрофа и урива, силува и убива поминувајќи низ бегалските кампови (Види пошироко во статиите на Н.Чомски „За бомбардирањето" и на Е.Саид, „Демонскиот Ахабов кит не се нарекува ислам", објавени во Маргина бр. 4/2001). Објаснувајќи ја улогата на Америка во денешниот свет Н.Чомски на огромен број примери укажува на масовната употреба на државниот тероризам против најсиромашните земји (Види кај Н.Чомски, „Шта то (у ствари) хоче Америка", Институт за политичке студије, Београд, 1994, стр. 23-46.).

насилство ќе предизвика најголем страв кај индиректните жртви на нападот заради постигнување на крајната цел. Слична стратегија на тероризам применува и недржавниот терористички субјект. Објективно гледано, неговите можности се многу помали отколку кај државата која применува тероризам. Меѓутоа, во случаевите кога недржавниот терористички субјект во државата жртва е елемент на борбениот поредок на државата агресор (како што тоа беше случај со дејствувањето на терористичките групи на албанските сепаратисти на Косово и Метохија, пред и по агресијата на НАТО врз СРЈ), тогаш ситуацијата е сосема поинаква. Имено, со сестрана помош на странскиот фактор, ако тоа е особено голема и влијателна сила, апетитите на недржавниот терористички субјект можат да нараснат се до нивото да ја постигнат и крајна цел, во случајот независно Косово.

## 2. Таканаречениот меѓународен тероризам

Во социологијата под поимот „заедница" се подразбира постоење на вредности и интереси кои се заеднички за сите припадници на едно општество, односно определен степен на верност на членовите на заедницата. Иако синтагмата меѓународна заедница секојдневно се користи, очигледна е нејзината неодреденост, првенствено од аспект на тоа кои се нејзини членови. Имено, според меѓународното право, државите се најзначајни (исклучителни) членки на Меѓународната заедница, а самото постоење на меѓународното право сведочи за заедничките вредности и интереси.[15] Со оглед на тоа дека државите се членки на ООН, а не коалициите на држави (на пример Северноатланскиот сојуз) или регионални организации (на пример ОБСЕ), правилно е да се смета дека државите ја прават меѓународната заедница. Во Повелбата на

[15] "Кругот на држави помеѓу кои... е можно изградување на правни норми на меѓународното право се вика меѓународна заедница" ( J.Andrassy, Меѓународно право, „Школска книга", Загреб, 1971, стр. 3.

Обединетите нации[16] конкретизирани се вредностите и интересите на меѓународната заедница, но тероризмот не е одреден како меѓународна вредност или интерес, туку изрично се забранува употребата на сила и заканата со сила. Тој факт всушност укажува на вештачкото протежирање на поимот „меѓународен тероризам".

Врз основа на горе наведените факти може да се изведе едноставен и јасен заклучок, дека меѓународната заедница не се појавува во улога на терористички субјект, односно во нејзиниот кодекс на однесување и делување не е опфатен тероризмот како метод за остварување на проектираните цели, што е случај со државите хегемони или поедините недржавни субјекти. Имајќи го предвид овој факт, востановената синтагма меѓународен тероризам треба да се согледа потемелно. Имено, со употребата на атрибутот „меѓународни" сака да се прикаже дека ООН користи тероризам, што тоа, секако, не го прави. Докази за функционирање на таква „светска терористичка држава и влада" никој досега нема наведено. Меѓутоа, факт е дека државите хегемони (особено тоа денес го прави САД на глобален план, но и некои регионални хегемони) му придаваат врвно значење на тероризмот во обидот да го поробат светот. Секако, тоа свое настојување го означуваат како демократски процес и заложба за почитување на човековите права, а всушност хуманитарниот меѓународен тероризам кој го спроведува САД со своите

[16] Во членот 1 од Повелбата формулирани се четири основни цели на ООН: зачувување на меѓународниот мир и безбедноста, развивање на пријателски односи меѓу народите и рамноправна основа, остварување намеѓународна соработка во интерес на сите луѓе без разлика на раса, пол, јазик и вера и обврска на сите членки на ООН да го усогласат своето делување заради постигнување на тие заеднички цели. Во членот 2 од Повелбата се вели дека заради постигнување на целите наведени во членот 1 Организацијата и нејзините членки во своето меѓународно делување ќе се придржуваат на следните седум принципи: 1) Принципот на суверена еднаквост на сите членки на ООН; 2) Принципот на совесното исполнување на преземените обврски во согласност со Повелбата; 3) Принципот на решавањето на меѓународните спорови со мирни средства; 4) Принцип на воздржување од употреба на сила и закана со сила; 5) Принцип на обврзно давање помош на ООН во остварувањето на нејзините задачи; 6) Принцип на универзалност и 7)Принцип на намешање во внатрешните работи на државите.

сојузници претставува позната лиценца за надворешен интервенционизам на патот на воспоставување на „новиот светски поредок“.[17] Загрижува тенденцијата што тој агресорски сојуз олицетворен во САД и НАТО упорно се обидува своите терористички активности против суверените држави да ги прикаже како изнудени заради заштитата на човековите права и дека зад нив, наводно стои „меѓунанародната заедница“. На оваа тенденција мошне впечатливо укажува Д-р Наталија Николовска, во својата статија „Хуманитарен тероризам“, каде вели: „Така поврзувањето на правата со тероризмот не води директно во сценариото на „екуменското чистење“ (мисли на чистењето на безвредните економски осиромашени народи), всушност на официјализирање на политиката на „постојан судир од низок интензитет“[18] (Стратегијата на судир со низок интензитет беше званична стратегија на Регановата администрација, подвлекол Т. П.).

Ако се погледаат дефинициите на поимот „меѓународен тероризам“ може да се види дека при неговото одредување првенствено се уважени критериумите на просторот (местото на изведување на насилството) и објектот (целта) на нападот, додека клучниот елемент (терористичкиот субјект) прилично е конфузно обработен. Основниот недостаток на овие дефиниции е во тоа што кај оваа општествена појава изразена низ односот: носител-жртва-посматрач-ефекти, на извесен начин се замаглува улогата на носителот. Со оглед на фактот што носителот на тероризмот е држава или недржавен субјект кој го применува заради постигнување на конкретни цели, а не ООН, возможно е да се согледа обемот на штетноста која произлегува од недостатноста во

---

[17] Дека во воспоставувањето на „новиот светски поредок“ се кокетира и се соработува директно и индиректно со тероризмот зборуваат сценаријата за разгорување на регионалните конфликти и отварање на локални воени жаришта, како што е Балканот. Имено, прв пат во историјата тероризмот доби легитимна заштита со претходно спречување на органите за безбедност на нашата држава да влезат во с. Арачиново за да се види тоа што не треба да се види (софистицираното оружје и воените инструктори на „светските разбојници“).

[18] Др. Наталија Николовска, Хуманитарен тероризам, Утрински весник, од 05,јули 2001 година.

определувањето на т.н. „меѓународен тероризам". Всушност ваквата практика аргументирано укажува на неодржливоста на означувањето на автономниот тероризам на државите хегемони, или нивното поврзување со терористичките недржавни субјекти од државата жртва, против суверените држави, како насилство на меѓународната заедница. Несогледувањето на овој битен факт вешто го злоупотребуваат државите хегемони и нивните сојузници како би ги прикриле своите агресорски потфати, бидејќи им е добро познато дека откривањето на актерите во „меѓународното насилство" е сврзано со големите тешкотии, со постоење на реална можност џелатот да биде прогласен за невин, а жртвата обвинета за насилство.

Според Војин Димитријевиќ, тероризмот добива меѓународен карактер од две основни причини. Првата причина е таа што со самиот терористички акт во настаните се вплеткуваат повеќе држави, а втората е таа што нападнатата вредност ја ужива меѓународната заштита. Првиот е „тероризам со странски елемент, а другиот тероризам со меѓународно значење".[19] И во едниот и во другиот случај според овој теоретичар елементите на надворешност се внесуваат во терористичкиот акт штом тој, на било кој начин, ги помине границите на една држава или е нападната вредност која ја штити меѓународното право. Меѓутоа, објаснувајќи ја улогата на државата како терорист Димитријевиќ, заклучува, дека владата е вистинскиот наредбодавач на тероризмот против другите држави или против своите политички противници.[20] Таа како непосредни извршители ги ангажира државните органи и сили или терористите во државите жртви кои заради внатрешната политика терористички делу-

[19] Д-р Војин Димитријевиќ, Савремени облици тероризма, „Архив за правне и друштвене науке", Београд, 1980, стр. 21-25.

[20] За политиката на директни интервенции или посредничка помош во соборување и забрана на демократските власти, особено во Латинска и Јужна Америка, но и на другите континенти од изведувањето на Октомвриската револуција 1917 година, до паѓањето на комунистичкиот режим во И.Европа кон крајот на 80-те години со употреба на освојувачки војни, тероризам и саботажи е Американска политика (Види пошироко кај Н. Чомски, „Шта то (у ствари) хоће Америка", Институт за политичке студије, Београд, 1994, стр. 23-27.).

ваат против својата влада. Овој факт покажува дека не може да стане збор за меѓународен, туку за државен тероризам, односно за своевидна терористичка агресија.[21]

За непостоењето на „меѓународниот тероризам" особено значаен е ставот на авторите на книгата „Тероризмом у нови светски поредак"[22]: Сите анализи и индикатори укажуваат на тоа дека синтагмата, односно кваликативот „меѓународен тероризам" е производ на американската администрација од периодот помеѓу 60-те и 70-те години. Оттаму, и се поставува прашањето кое денес прилично се експлоатира дали „меѓународниот тероризам" може да се прифати како главна карактеристика на современиот тероризам. Сметаме дека не е можно, најмалку од две причини: првата, атрибутот „меѓународен" асоцира на тероризмот како на единствена појава во современите меѓународни односи, што објективно гледано тој, секако не е. Познато е дека сите денешни тероризми не можат да се подредат под иста класификација, ниту пак да се мерат со исти мерила, немаат исти причини, носителите не се исти, туку различни сили, а ниту пак им се единствени и целите; и втората, ваквиот атрибут асоцира на единствено раководство кое управува со севкупниот „меѓународен" тероризам. Докази за постоење на такво национално „меѓународно" раководство досега никој не изнел. Единствено се знае дека американската стратегија на судирите од низок интензитет го има вклучено тероризмот на сите оние стратегиски точки во светот каде се доведени во прашање нејзините цели.[23]

---

[21] Дека дежавен тероризам е во прашање кога станува збор за војната која се води против нашата држава укажува и Т.Атанасовски, кога вели: „Дека агресор во нашата војна е Албанија ... и тоа не во форма на класична агресија, туку посредна со удар одвнатре и со широка примена на терористички начин на дејства" (Утрински весник, 22 ноември 2001 год.).

[22] Душан Вилиќ, Др. Бошко Тодоровиќ, „Тероризмом у нови светски поредак", „Графомарк", Београд, 1999, стр. 49.

[23] Во борбениот прирачник на КоВ на САД за судирот со низок интензитет, Департмент на КоВ на САД, 1981 год. Пишува „Судирот со низок интензитет е политичко-воена борба со ограничени размери заради остварување на политички, социјални, економски и психолошки цели. Тој судир... се пројавува преку дипломатски, економски и психолошки притисоци, па се до тероризам и бунтовништво."

Со Резолуцијата бр. 3314 на Генералното собрание на ООН од 14. декември 1974 година, тероризмот е определен како вид на агресија. Во Резолуцијата таксативно се наведени актите на агресијата,[24] а за агресија се смета и „упатување од страна на една држава или во нејзино име оружени банди, групи, нерегуларни војници или наемници, кои против друга држва вршат акти на оружено насилство така сериозно да се изедначуваат со претходно набросните активности, или нејзино учество во тоа“. Таквата класификација на тероризам (агресија) е резултат на распространетата пракса на државите хегемони, кои со посредство на тероризмот, спротивно на целите на Повелбата на ООН,[25] се обидуваат да ги остварат своите агресорски цели.

Горе наведените факти јасно покажуваат дека државите хегемони смислено се обидуваат под видот „меѓународен тероризам“ да изведуваат оружено насилство против суверени држави. Оптимален и посакуван услов за изведување на таква специфична (терористичка) агресија, која не е „меѓународен тероризам“, како е неосновано означувана во теоријата, е постигнување на сеопфатна врска помеѓу државата агресор и невладиниот терористички субјект во државата објект на агресијата. Во основа, нивното сојузништво се покажува во следните активности: државата агресор дава несебична разузнавачка, дипломатско-политичка, информативна, военостручна, финансиска, материјална, оружена и друг вид помош на невладиниот терористички субјект во државата жртва на нападот заради спроведување на физичко насилство против матичната држава и влада како би се постигнала крајната цел. Во колку, поради одбранбената моќ на државата жртва, терористичката агресија

[24] „Инвазија или напад на оружените сили на една држава на територијата на друга држава..., бомбардирање на територијата на една држава ..., блокада на пристаништа или крајбрежја..., напад на копнените сили на една држава и т.н.“

[25] Со декларацијата бр. 2131, од 21.12.1965. Генералното собрание на ООН, покрај другото, и наложува на државите дека:“ Ниедна држава нема да организира, помага, поттикнува, финансира, иницира или толерира субверзивни, терористички или оружени активности насочени кон насилно уривање на режимот на друга држава или мешање во граѓанскиот судир во друга држава.“

појде во несакана насока, тогаш, државата агресор како би го до крај спровела својот план се определува за една од следните варијанти: ангажирање на сопствени сили за изведување воена агресија,[26] продолжува да дава разни видови помош на невладиниот терористички субјект[27] или потполно ја запира агресијата.

Во последно време носителите во воспоставувањето на новиот светски поредок или како што проф. Николовска, го именува како „хармоничен спој" на општество на „светски разбојници", се обидуват на светот да му понудат заблуда, односно дезинформација која се настојува да се прошири и одржи како вистина: дека тероризмот е оружје на слабите, угнетените, понижените немоќните и слично, што е само делумно точно. Напротив, тероризмот е исклучително ефикасно оружје на земјите кои се хегемони на светската или регионалната доминација. Кога сите земји, членки на ООН доследно би се воздржувале од употреба на сила или закана со сила (член 2, точка 4, од Повелбата на ООН) тогаш тероризмот навистина би бил средство на немоќните, загрозените и очајните, но со тоа и заштитата од него би била поефикасна. Суштината на тој принцип е во апсолутната забрана на војната како средство за решавање на меѓународните спорови, па оружената агресија на било која држава би значела тешка повреда на тој принцип и, со тоа, „тешка повреда на меѓународното право која повлекува и меѓународна одговорност". Државите носители на светскиот или регионалниот хегемонизам и доминација, да би ја избегнале таквата осуда, се преориентираа на суптилни форми на агресија, со чие посредство дури и поуспешно ги

---

[26] Откако проценија дека терористичките банди на албанските терористи немаат никакви изгледи да ја принудат СРЈ да се повинува на нивните барање, официјалните претставници на НАТО донесоа одлука да се изведе агресија врз СРЈ. За време на агресијата, од 24. март до 10 јуни 1999 година, НАТО им даваше силна воздушна поддршка на албанските терористи.

[27] На состанокот на ОБСЕ (18 и 19.11.1999) во Истанбул, Русија енергично го отфрли барањето на членките на НАТО во Чеченија да се размести наблудувачката мисија на ОБСЕ, која би посредувала во судирот помеѓу Русија заради „прекумерната употреба на сила" во Чеченија.

постигнуваат своите цели отколку што тоа би можеле да го прават со оружена агресија. Во рамките на тоа, тероризмот е мошне значаен како средство-оружје, без разлика на тоа дали го применува државата носител со непосредно ангажирање на своите специјализирани состави, или тоа би го правеле индиректно, со помош на своите посредници. Примери за таквото нивно однесување во меѓународните односи во светот има многу, од Ирак, преку Косово и Р. Македонија до Чеченија, но и на многу други места каде користејќи го проблемот на човековите права отвараат локални воени жаришта и предизвикуваат конфликти, кои на крајот тие и ги решаваат по мерка на своите интереси.

## 3. Основни карактеристики на современиот тероризам

Врз основа на споредување на релацијата на процесот на тероризмот: носител-причини-жртва-последици, со начинот на неговото манифестирање во светот, можат да се изведат заклучоци и за некои негови карактеристики:

1. Денес во светот преовладува тероризмот чии носители се недржавни субјекти и тоа пред се во рамките на матичната држава.[28] Политичките цели што носителите на тероризмот се обидуваат да ги постигнат, во основа, можат да се поделат во две групи: прво, отцепување на дел од територијата на матичната држава заради создавање на самостојна држава или припојување кон некоја друга држава (во најголем број случаеви кон својата матична држава), и второ, компромитирање, односно насилно уривање на актуелната и легитимна власт во матичната земја и воспоставување на своја власт (пр. во Алжир).

[28] Ирската републиканска армија против В.Британија, баскиската терористичка организација против Шпанија, корзиканските сепаратисти против Франција, албанските националисти и сецесионисти против СРЈ и Р. Македонија, чеченските бунтовници против Руската Федерација, исламските фанатици од Кашмир против Индија, курдското сепаратистичко движење против Турција, оружената исламска група (Гиа), против Алжир и т.н.

2. Националните малцинства и етнички групи се најчесто недржавни субјекти кои применуваат тероризам во функција на остварување на политичките цели. Во врска со тоа постојат бројни специфичности. Употребата на терористичките активности носителите на тероризмот главно ја оправдуваат наводно со невозможноста за своите права да се изборат по демократски пат преку институциите на системот, односно во парламентот на државата. Во огромен број случаеви станува збор за крајно лицемерство на претставниците на тие национални малцинства,[29] бидејќи им е овозможено по парламентарен пат да се борат за своите права, освен во одредени земји каде на легитимните претставници на националните малцинства им е забрането во парламентот да го изнесат своето мислење (примерот со Курдите во Турција). Секако таа парламентарна борба за права на националните малцинства треба да се одвива во рамките, односно според меѓународните стандарди, со кои не се нарушува суверенитетот и интегритетот на државата. Меѓутоа, кога барањата на претставниците на националните малцинства содржат проектирање на некои други цели (отцепување на дел од територијата или стекнување на привилегиран статус во однос на останатите граѓани) ретко која држава е спремна да разговара за тие барања, освен ако државата е неадекватно организирана и водена на политички, безбедносен и воен план.

Меѓународната пракса покажува дека терористичка организација која во име на некое национално малцинство применува насилство може да ја има нејзината делумна или апсолутна поддршка. Тоа во многу нешта влијае врз обемот, континуитетот, оживувањето и интензитетот на тероризмот. Во колку има апсолутна поддршка, можностите за нејзино делување се несомнени, но не и оптимални. Најголеми цели се постигнуваат само ако има поддршка и помош од еден или повеќе јаки

[29] Еклатантен пример за крајно лицемерство е албанското малцинство во Р. Македонија, кое остварува највисок стандард на човекови права во Европа, но водено од други цели, како што е поделбата на Р. Македонија, а потоа и создавање на Голема Албанија, се определи за тероризам.

меѓународни спонзори. Карактеристичен пример за тоа е големата поддршка која одделни западни земји, во кои предначеа САД, В. Британија и во извесна смисла и Германија, и и ја даваа, и сè уште и и ја даваат на албанските терористи на Косово и во Р. Македонија.

3.Внатрешниот тероризам (насилство мотивирано за остварување на политичка цел кое го применува недржавен субјект против сопствената држава) се повеќе го губи својството на автономсност и поприма карактер на тероризам организиран и воден од дел на „меѓународната заедница". Наведената трансформација настанува на разни начини, а во прв ред врз основа на заедничка согласност-лидерите на терористите бараат помош од потенцијалниот странски спонзор, или самата странска држава, раководена од своите интереси и цели, им ја нуди својата поддршка. Ваквиот парадокс предизвикува спротивни гледишта и ставови за тероризмот, чија суштина се сведува на тоа дека актите или појавата на насилството за жртвата и за реалните набљудувачи се-тероризам, додека од аспект на носителите и нивните пристрасни „посматрачи" (поттикнувачите, наредбодавателите, помагачите и заштитниците) тоа е изнудена форма на борба. Уважувајќи го овој факт може мошне успешно да се проникне во суштината на честите меѓусебни оптужувања на државите заради тоа што го поддржуваат тероризмот. Имено, пракса е поедини земји, кои се повеќекратни спонзори на терористите во разни региони во светот, најенергично да осудуваат други земји, кои применуваат иста пракса.[30] На тој начин, прават обид со користење на тероризмот како средство, „легитимно" да ги остварат своите ионтереси и цели, со лицемерен обид другите земји да ги стават на столбот на срамот и ги изолират, во што понекогаш и успеваат.

---

[30] Израел го обвинува палестинскиот народ за примена на тероризам, а истото тоа, но многу пожестоко го прави против нив. На 16. септември 1982 година, израелската милиција ги започна тридневните оргии на силување, колежи и убиства во палестинските бегалски кампови кај Сабра и Шатила, кои резултираа со смрт на 1.800 животи. САД осудуваат повеќе муслимански земји за спонзорирање на тероризмот (Иран, Ирак, Сомалија, Судан, Јемен и др.), а самите се главен и еден од најголемите спонзори и изведувачи на тероризмот во светот.

4. Државниот тероризам претставува своевидна форма на војна, односно специфичен начин на продолжување на политиката на државата само со други средства. Го практикуваат обично оние држави-хегемони кои во борбата за остварување на светската или регионалната доминација, насилно го поткопуваат уставниот поредок на другите држави, вклучувајќи ја тука и можноста на негово рушење. Тоа го прават така што на посреден начин ги поттикнуваат и поддржуваат терористичките состави на граѓаните од државата жртва, и директно со ангажирање на сопствените државни органи и сили. Целите кои планираат да ги постигнат, на долг или краток рок, се движат од компромитирање и изолација на земјите жртви па се до суптилни или насилни промени на актуелните власти и разбивање на територијалниот интегритет. Еклатантен пример за тоа е односот на САД против Ирак. Имено, САД во соработка со В. Британија и Франција, по операцијата „Пустинска олуја", јануари и февруари 1991 година, со кој ја протераа ирачката војска од Кувајт, војно интервенираа против Ирак (во неговиот северозападен дел), под изговор дека сакаат да ги заштитат Курдите. Користејќи ја својата позиција и моќ обезбедија изгласување од Советот за безбедност на ООН Резолуција бр. 688, со која е создадена т.н. „Курдска зона на безбедност". Со таа Резолуција и е забрането на ирачката авијација да ја надлетува наведената „безбедносна зона", а на авијацијата на САД, В.Британија и на Франција и е овозможено да го контролира тој ирачки воздушен простор. Покасно со разгорување на оружениот судир помеѓу Курдите и Ирак САД систематски, од време на време дејствуваа со ракетите „томахавк" по избрани цели во Ирак. Во исто време со користење на државниот тероризам, разузнавачките служби на САД, посебно на ЦИА, спроведуваа илегални терористички активности во „Курдската зона на безбедност". Имено, со посредство на дисидентската група „Ирачки национален конгрес", составена од Курди, Туркмени и Ирачани, ЦИА подготвувала насилно соборување на С. Хусеин, претседателот на Ирак. За таа тајна операција, која е типично спонзорирана со тероризам, САД потрошија 20 милиони долари, меѓутоа безбедносните служби на Ирак ја открија и уништија оваа терористичка завера.

Ефикасен начин за спречување на обидите на државите хегемони здружени во сојузи своите агресорски потфати да ги подведат под маската на ООН е оневозможување на воените сојузи да учествуваат во мировните и хуманитарните мисии на ООН. Образложението за таквиот став е едноставно-со одредени исклучоци, не постојат воени сојузи кои се определени за зачувување на мирот и безбедноста. Оваа теза драстично ја потврдува НАТО, кој со посредство на албанските терористи на Косово и Метохија, најнапред создаде услови за континуирано загрозување на виталните вредности на СРЈ (од 10 јуни 1999. и под закрилата на ООН), а потоа со заштитата на албанските терористи и во рекомпонирањето на македонската држава (под силен притисок на НАТО Македонија го потпиша Рамковниот договор во Охрид). Очигледно е дека мирољубивите земји и народи ја прозреа терористичката определеност на НАТО, од една страна, и настојувањето за тој вид на насилство да се обезбеди легитимитет во СБ во ООН, од друга страна. Заради тоа земјите одбиваат да прифатат странско посредување во „неутрализирање" на актуелните конфликти во рамките на своите граници. Во текот на 1999 година (и во 2002 год.) таква решителност покажаа Индија, во врска со т.н. „кашмирско прашање", и Русија, во врска со т.н. „Меѓународен тероризам" во Задкавказието, посебно за Чеченија.

Врз основа на погоре изнесеното можеме да заклучиме дека се додека проблемот со тероризмот во светот не почне да се разгледува во ООН, односно додека тероризмот не почне да се третира како вид на војна, одбраната од него ќе биде исклучително тешка, дури и безуспешна. Бидејќи, моделите на одбраната кај повеќето држави, и покрај стремежот да бидат ефикасни, често се искомпромитирани.

(Рецензент: *Проф. д-р* Крсте Ристески)

***Клучни зборови:*** *државен тероризам, „меѓународен тероризам", држава хегемон, невладин терористички субјект, доминација, нов светски поредок.*

## SUMMARY

Trajan Panev

## THE ILLUSIONS ABOUT THE “INTERNATIONAL TERRORISM”

The syntagm “international terrorism” is quite often used for designation of the violence between states, violence that has all of the characteristics of an aggression. With no doubt, this confusion arises because of the fact that, when determining the term international, instead the social position (status) of the one who employs terrorism (the host) to be considered, that form of violence is classified in respect to its other composite elements: the region, the motive, forms of manifest etc.

Lately, and increasingly, the terrorism as a separate type of war (state terrorism) is exercised in large volumes by those hegemonic states, that in their fight for achieving world (USA, as the only super power) or regional (ex. Israel) domination, independent of, or joint (in agreement) with, the un-institutional terrorist ubject in the victim country, forcibly corrupt the constitutional orders or governments in other states, including the possibility for their destruction or destroying the state’s integrity. The disturbing fact is that the hegemonic states are trying (and succeeding) under the cover of so called “international terrorism” to conduct typical aggression against the sovereign countries with a sole purpose of exhorting unacceptable political exclusions. This tendency is particularly dangerous because of the unscrutinized efforts of these countries, particularly the USA, to misuse the UN Organization, i.e. to provide legitimacy to the conducting of the aggression. The UN Organization has been taking certain measures for preventing the terrorism, but those efforts of the international community won’t achieve the results, as long as the USA, as the only super power, selectively fight against the terrorism, defending its own values and interests.